Организација на работодавачи на Македонија-ОРМ
Бр. 0101-39
09.08.2016 год.
СКОПЈЕ

ССМ
СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
Бр. 0101-285/1
09.08.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 204 ст.1 точка 1 и член 216 од Законот за работните односи (пречистен текст „Службен Весник на Република Македонија бр. 167 од 28.9.2015 година) и член 64 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството (пречистен текст „ Службен весник на Република Македонија бр.115/2014) и Спогодба за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од облсата на стопанството( „Службен весник на Република Македонија бр.119), Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија на ден 9.8.2016 година склучија :

**СПОГОДБА**

**за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството**

**Член 1**

Во член 42, став 1, алинеа 9, зборот „3 дена“ се менува со „7 дена“

**Член 2**

Во член 42 по став 1 се додава нов став 2, а досегашниот став 2 станува став 3.

Новиот став 2 во членот 42 гласи:

Во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција.

**Член 3**

Измените и дополнувањата Согласно оваа Спогодба стапуваат на сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**Член 4**

Спогодбата за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството се објавува во Службен весник на Република Македонија.

Сојуз на синдикатите на Македонија

Претседател

д-р Живко Митревски

Организација на работдавачите на Македонија

Претседател

Ангел Димитров

Организација на работодавачите на Македонија „ОРМ“ Скопје